„PHILOLOGICAL STUDIES“ – Славистичко меѓународно интердисциплинарно списание од областа на хуманистичките науки

Издавач

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Институт за македонска литература – Скопје

***Philological Studies,* Vol. XXIV No. 1 (2026)**



Главен уредник

проф. д-р Јасмина Мојсиева-Гушева – Институт за македонска литература, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Македонија

Извршен уредник:

д-р Тамара Ќупева – Институт за македонска литература. Скопје, Северна Македонија

Уредувачки одбор

проф. д-р Ивица Баковиќ – Факултет за хуманистички и општествени науки, Универзитет во Загреб, Хрватска

д-р Бојан Чолак – Институт за литература и уметност, Белград, Србија

д-р Нина Дитмајер-Прандо – Институт за словенечка литература и литературни студии, Љубљана, Словенија

проф. д-р Роберт Ходел – Институт за славистички студии, Универзитет во Хамбург Германија

проф. д-р Бранко Тошовиќ – Институт за славистички студии, Универзитет „Карл-Франц“ во Грац, Австрија

проф. д-р Оксана Микитенко – Институт за: уметнички студии, фолклор и етнологија „Максим Рилски“, Национална академија на науки на Украина, Киев, Украина

СОДРЖИНА / CONTENT

Предговор (мк) 17

Preface (en) 18

Предговор (ср) 19

Predgovor (sl) 20

Predgovor (hr) 21

Филозофски и културолошки проблеми / Philosophical-Cultural Problems

Влатко Деловски / Vlatko Delovski

ТЕЛОТО КАКО „ЛОГОС НА ПЕРЦЕПЦИЈА“ /

THE BODY AS LOGOS OF PERCEPTION 25-45

Стефан Марковски / Stefan Markovski

EPIGRAPHIC ILLUSTRATIVE TESTIMONIES/ARTIFACTS FROM THE SITES OF THE VARDAR REGION RELATED TO WINE, GRAPEVINE, AND THE DIONYSIAN /
ЕПИГРАФСКИТЕ СЛИКАРСКИ СВЕДОШТВА/АРТЕФАКТИ ОД ЛОКАЛИТЕТИТЕ ОД ПОВАРДАРИЕТО ПОВРЗАНИ СО ВИНОТО, ВИНОВАТА ЛОЗА И ДИОНИЗИСКОТО 47-65

Катерина Петровска - Кузманова / Katerina Petrovska - Kuzmanova

ДЕМОНСКИТЕ СУШТЕСТВА ВО МАКЕДОНСКИТЕ НАРОДНИ ВЕРУВАЊА /

DEMON CREATURES IN MACEDONIAN FOLK BELIEFS 67-80

Историја и филологија / History and Philology

Давор Јанкулоски / Davor Jankuloski
РАКОПИСОТ НА СЕРАФИМ ДАБИЌ ОД 1873 ГОДИНА – ИЗВОР ЗА ПРОУЧУВАЊЕ НА ТОПОНИМИЈАТА НА СЕЛОТО ОРЛАНЦИ – КИЧЕВСКО /

THE MANUSCRIPT OF SERAFIM DABIĆ FROM 1873 AS A SOURCE FOR THE STUDY OF THE TOPONYMY OF ORLANCI (KIČEVO REGION)..... 83-101

Наталија Поповска / Natalija Popovska
ДИНАСТИЧКИОТ ЛЕГИТИМИТЕТ НА КЛЕОПАТРА ВО ВОЈНИТЕ НА ДИЈАДОСИТЕ /

THE DYNASTIC LEGTIMACY OF CLEOPATRA IN THE WARS OF THE DIADOCHOI 103-121

Јазикот во историско-културолошки контекст (компаративен аспект) / Word in Historical and Cultural Context (Comparative Aspect)

Јана Луческа / Jana Lucheska
МАКЕДОНСКИ, БУГАРСКИ И СРПСКИ ФРАЗЕОЛОГИЗМИ И ПАРЕМИИ СО КОМПОНЕНТА ВОЛК, ВЪЛК, ВУК /
MACEDONIAN, BULGARIAN AND SERBIAN PHRASEOLOGISMS AND PAREMIAE WITH THE COMPONENT WOLF, V`LK, VUK 125-144

Литературата во интеркултурен контекст / Literature in Intercultural Context

Kristina Dimovska / Кристина Димовска
MELANCHOLY IN SELECTED SHORT STORIES BY STEFAN ŻEROMSKI AND SIMON DRAKUL /

МЕЛАНХОЛИЈАТА ВО ИЗБРАНИ РАСКАЗИ ОД СТЕФАН ЖЕРОМСКИ И ОД СИМОН ДРАКУЛ..... 147-167

Александра М. Гецић / Aleksandra M. Gecić
КУЛТУРНИ МОСТОВИ РУСКЕ ЕМИГРАЦИЈЕ: ЖИВОТ И РАД НИКИТЕ САЉНИКОВА У СРБИЈИ /

CULTURAL BRIDGES OF RUSSIAN EMIGRATION : THE LIFE AND WORK OF NIKITA SALNIKOV IN SERBIA 169-187

Neža Kočnik

"DANAS NI KO FČASEH": NAREČNA POEZIJA KOSTELSKEGA POETA IVANA LISACA /

"TODAY ISN'T LIKE IT USED TO BE": DIALECT POETRY BY THE KOSTEL POET IVAN LISAC 189-217

Ана М. Мумовић / Ana M. Mumović

КЊИЖЕВНЕ ТЕМЕ, ПРОБЛЕМИ И АПОРИЈЕ У ТУМАЧЕЊУ ДЕЛА РАДОМИРА ИВАНОВИЋА (У СВЕТЛУ НАУЧНЕ МОНОГРАФИЈЕ МИЛОША ЂОРЂЕВИЋА) /

LITERARY THEMES, PROBLEMS AND APORIAS IN THE INTERPRETATION OF THE WORK OF RADOMIR IVANOVIĆ (IN LIGHT OF THE SCHOLARLY MONOGRAPH BY MILOŠ ĐORĐEVIĆ) 219-243

Современото општество во културата, јазикот и литературата / Modern Society in Culture, Language and Literature

Тијана Балек / Tijana Balek

О (ДАТИВНИМ) КОНСТРУКЦИЈАМА ЕПИСТЕМИЧКЕ ОЦЕНЕ НА МАТЕРИЈАЛУ СРПСКИХ ИНТЕРНЕТ ТЕКСТОВА /

ON (DATIVE) CONSTRUCTIONS OF EPISTEMIC ASSESSMENT IN THE MATERIAL OF SERBIAN INTERNET TEXTS..... 247-269

Vida Davidović

POMORANDŽINA KORA: (ANTI)DIDAKTIČKA POLITIČKA DRAMA I NJENE IDEOLOŠKE IMLIKACIJE /

(ANTI-)DIDACTIC POLITICAL DRAMA AND ITS IDEOLOGICAL IMPLICATIONS 271-287

Александра Ѓуркова / Aleksandra Gjurkova

МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК ВО ЈАВНАТА КОМУНИКАЦИЈА / MACEDONIAN LANGUAGE IN PUBLIC COMMUNICATION 289-300

Проучување на говорот и лингводидактика / Speech Studies and Language Didactics

Бојана Мандровска, Магдалена Трајческа, Виолета Јанушева / Bojana Mandrovska, Magdalena Trajčeska, Violeta Januševa

КОХЕРЕНЦИЈАТА ВО ПИСМЕНИТЕ РАБОТИ ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ВО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ /

COHERENCE IN THE MACEDONIAN LANGUAGE WRITTEN ASSIGNMENTS IN PRIMARY EDUCATION 303-315

Биљана Мирчевска-Бошева / Biljana Mirchevska Bosheva

ПРИМЕНА НА КОРПУСИТЕ ВО НАСТАВАТА: СО АКЦЕНТ НА ФРАЗЕМСКИТЕ КОНСТРУКЦИИ /

THE APPLICATION OF CORPORA IN LANGUAGE TEACHING:WITH A FOCUS ON PHRASEME CONSTRUCTIONS 317-340

Кристина Окуличиуте Микац / Kristina Okuličiute Mikac

СТРУКТУРНЫЕ И ФУНКЦИОНАЛЬНЫЕ ОСОБЕННОСТИ СОВРЕМЕННОГО МОЛОДЁЖНОГО СЛЕНГА И ВОЗМОЖНОСТИ ЕГО ИСПОЛЬЗОВАНИЯ В ПРАКТИКЕ ПРЕПОДАВАНИЯ РКИ (УРОВНИ B1–B2) /

STRUCTURAL AND FUNCTIONAL FEATURES OF CONTEMPORARY RUSSIAN YOUTH SLANG AND ITS APPLICATION IN TEACHING RUSSIAN AS A FOREIGN LANGUAGE (LEVELS B1–B2) 341-359

Рецензии и информации / Reviews and Information

Katarina-Antonia Boras

PRIMIJENJENA LINGVISTIKA DANAS I SUTRA /

APPLIED LINGUISTICS TODAY AND TOMORROW 363-369

Наталија Благојевић / Natalija Blagojević

КЊИЖЕВНОСТ И СТРИП: ИНТЕРМЕДИЈАЛНИ ДИЈАЛОЗИ И НОВИ ТЕОРИЈСКИ ОКВИРИ /

LITERATURE AND STRIP:INTERMEDIAL DIALOGUES AND NEW THEORETICAL FRAMEWORKS 371-373

Elena Pavlović
FENOMENI SNA I PROROŠTVA U FOLKLORNIM ŽANROVIMA: SINTETIČKI UVID U SAVREMENA ISTRAŽIVANJA /

PHENOMENA OF DREAMS AND PROPHECY IN FOLKLORE GENRES: A SYNTHETIC INSIGHT INTO CONTEMPORARY RESEARCH 375-379

Сарита Трајанова / Sarita Trajanova
МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА „ТАЈНАТА НА ЧОВЕЧКАТА ДУША НИЗ ПРИЗМАТА НА КНИЖЕВНОСТА“ /

INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE "THE SECRET OF THE HUMAN SOUL THROUGH THE PRISM OF LITERATURE" 381-386

UDK: 929 Kleopatra VII:94(38)"-03/-01":321.15
DOI:

ДИНАСТИЧКИОТ ЛЕГИТИМИТЕТ НА КЛЕОПАТРА ВО ВОЈНИТЕ НА *ДИЈАДОСИТЕ*

Наталија Поповска
Институт за национална историја во Скопје
Универзитет „Св, Кирил и Методиј“ во Скопје
ORCID ID: https://orcid.org/0009-0005-6357-126X

Клучни зборови: Клеопатра, дијадоси, Аргеади, династички легитимитет, кралски жени, хеленистички период.

Резиме: Студијата *Династичкиот легитимитет на Клеопатра во војните на дијадосите* се занимава со историскиот наратив за Клеопатра, единствената родена сестра на Александар III и ќерка на Филип II и Олимпијада. Иако важна, таа е занемарена личност кога станува збор за истражувањата на политичките превирања што следеле по смртта на Александар III, во 323 г. ст. е. Појдовна основа за истражувањето се сведоштвата од историографските извори (Диодор од Сицилија, книги XVI – XX, Плутарх и Јустин), а трудот го истражува кралскиот статус на Клеопатра и нејзината положба во вкрстените/испреплетените интереси за македонскиот престол од страна на Дијадосите 323 – 308 г. ст.е). Со анализа на наративната рамка и на политичкиот контекст, во кој се одвивал животот на Клеопатра, преку оваа студија може да се насети положбата на македонските кралски жени, кои биле заглавени меѓу личниот избор и патријархатот, поради што постојано биле во неизвесна и во позиција опасна по живот. Според она што е познато за Клеопатра, таа живеела меѓу Епир, Македонија и Сарди, во свет на машката доминација на наследниците на нејзиниот брат Александар III. Од моментот кога останала вдовица на епирскиот крал Александар I, а особено по смртта на нејзиниот брат, била мета на водечките генерали во македонското кралство за остварување на кралскиот легитимитет и на борбите за превласт во раниот хеленистички период. Од сето тоа може да се согледа дека животот и смртта на Клеопатра ја отсликуваат тензијата меѓу наследниот суверенитет и патријархалната контрола, донекаде ја разјаснуваат улогата на кралските жени, и може да се добие увид во моделите на династичкиот легитимитет во периодот по смртта на Александар III.

THE DYNASTIC LEGTIMACY OF CLEOPATRA IN THE WARS OF THE *DIADOCHOI*

Natalija Popovska
Institute of National History in Skopje
"St. Cyril and Methodius" University in Skopje
ORCID ID: https://orcid.org/0009-0005-6357-126X

Keywords: Cleopatra, *Diadochoi,* Argeads, dynastic legitimacy, royal women, Hellenistic period

Summary: The study *The Dynastic Legitimacy of Cleopatra in the Wars of the Diadochi* examines the historical narrative concerning Cleopatra, the only full sister of Alexander III the Great and daughter of Philip II of Macedon and Olympia. Although a figure of considerable importance, she has remained largely neglected in scholarship addressing the political upheavals that followed the death of Alexander III in 323 BCE. The point of departure for this research lies in the testimonies preserved in historiographical sources—Diodorus of Sicily (Books XVI–XX), Plutarch, and Justin. The paper investigates Cleopatra's royal status and her position within the intersecting and competing interests surrounding the Macedonian throne during the period of the Wars of the Diadochi (323–308 BCE). Through an analysis of the narrative framework and the political context in which Cleopatra's life unfolded, this study offers insight into the condition of Macedonian royal women, who were caught between personal agency and patriarchal constraints, and consequently remained in a state of uncertainty and constant mortal danger. According to the extant evidence, Cleopatra lived between Epirus, Macedonia and Sardis, in a world dominated by the male successors of her brother, Alexander III. From the moment she was widowed by Alexander I of Epirus—and especially after her brother's death – she became a focal point for the leading generals of the Macedonian kingdom, who sought through marriage to her to secure royal legitimacy and supremacy in the struggles of the early Hellenistic period. Ultimately, Cleopatra's life and death reflect the tension between hereditary sovereignty and patriarchal control, illuminating the role of royal women and offering valuable insight into the patterns of dynastic legitimacy in the period following the death of Alexander III.

Увод

Историографијата за периодот по смртта на Александар Велики (323 г. ст.е.) обично се фокусира на политичките и на воените подвизи на неговите наследници/дијадосите, додека пак женските фигури од династијата на Аргеадите остануваат на маргините на научниот интерес и покрај тоа што имале важна улога во процесот на пренесување на кралскиот легитимитет. Меѓу многуте личности, кои се движеле во политичкиот простор по смртта на Александар III, неговата сестра Клеопатра се појавува низ наративите за војните на дијадосите, преку кои дознаваме дека нејзината улога била политичка и симболична во турбулентните години по неговата смрт, во контекст на династичкиот континуитет. Таа била неговата единствена родена сестра, ќерка на Филип II и Олимпијада, која никогаш не била директно вклучена во владеењето со кралството, но фактот дека најблиските генерали на Александар (Леонат, Пердика и Птолемај) се обидувале да склучат брак со неа, зборува за нејзиниот династички капитал и за легитимирањето на авторитетот во рамките на поделениот свет по смртта на Кралот.

Во современиот дискурс нејзиното име некако е во сенката на неколкуте кралски жени со име Клеопатра и моќната египетска кралица со исто име, којашто доминирала во античката историја. Античките/примарните извори и историографските традиции донекаде ја обликувале сликата за неа. Делата на Диодор од Сицилија (*Историска библиотека XVIII – XIX*), Плутарх (*Александар; Евмен*) и Јустин (*Епитомите на Помпеј Трог XIII*), даваат фрагментарни податоци за нејзиниот живот, но сепак од нив може да се стекне впечатокот за неа и за нејзината позиција. Како и многу жени со слично потекло и таа била заглавена меѓу: кралските привилегии, родовата предодреденост и политичката ранливост: како ќерка на Филип II и Олимпијада, како сестра на Александар III, како вдовица на кралот Александар I од Епир и конечно потенцијална кралица со свои амбиции, или претпоставени амбиции кои предизвикувале вознемиреност кај како претендентите на македонскиот престол. Во историските сведоштва, личната приказна на Клеопатра не се одвојува од нејзината политичка улога и таа стои на преминот на промената

од начинот на владеење на династијата на Аргеадите во хеленистичките монархии. Современата историографија сè повеќе се свртува кон проучување на дејствувањето на кралските жени во антиката[1], преиспитувајќи го нивното влијание во тогашните патријархалните структури. Главно место имаат трудовите на Елизабет Карни, во кои е нагласена улогата на кралските жени како „посредници на моќта“ во македонската и во хеленистичката политика. Целта на оваа студија е, преку личноста на Клеопатра, нејзиниот живот, политичките/брачните понуди и нејзината смрт, колку што е можно да се согледаат политичката и родовата перспектива, културните обрасци и политичката практика во конкретниот период и карактерот на династичкиот легитимитет.

Името Клеопатра во митот и во македонската и во хеленистичката династичка традиција

Името Клеопатра (грчки: Κλεοπάτρα, Kleopátra) потекнува од старогрчкиот јазик и буквално значи „таткова слава“, односно таа што му носи слава на својот татко (κλέος – „слава“, πατήρ – „татко“). Симболиката на името е поврзана со истакнување на татковската чест, што ги одразува вредностите на патријархалниот поредок. Во енциклопедискиот корпус на Pauly–Wissowa (Pauly–Wissowa 1921: XI 736-738) се регистрирани вкупно триесет и три носителки на ова име, што укажува на долготрајната употреба и широката распространетост во хеленскиот/хеленистичкиот културен простор. Најстарото литературно сведоштво за името потекнува од Хомеровата *Илијада* (Hom. *Il.* IX.555–605), во стиховите, каде што Фојник (Феникс) му зборува на Ахил за Клеопатра[2], сопругата на херојот Мелеагар од Ајтолија. Мелеагар, како што е познато, одбивал да се бори за опседнатиот Калидон сè додека Клеопатра, со молби,

[1] Во книгата „Историја на Аргеадите“ од Наде Проева има само неколку реда за македонските кралици (Проева 2004: 333–334).

[2] За потеклото на Клеопатра, жената на Мелеагар има сведоштво во *Библиотеката* на Аполодор (Apol.III.12.2).

не го натерала да се врати во битката (Apol.III.12.2.) Друга митолошка носителка на името Клеопатра била ќерката на Трој, епонимниот херој на Троја и нимфата Калироја, потоа се споменува како една од нереидите и како сестра на кралот Мида, легендарниот крал на Фригија. Во митографската традиција името Клеопатра се спомнува и како една од девиците што, Локриѓаните биле обврзани да ги испраќаат во Троја, секоја година, како ритуално покајание за претходните престапи (силување и скрнавење на светилиште) на Ајант за време на Тројанската војна. (Str. XIII, 1.140; Paus. X 31.1-2). Во трагедијата *Антигона*, Софокле не ја именува Клеопатра, но таа е имплицитно присутна како жена на Финеј, што покажува дека оваа традиција ѝ била позната на античката публика (Soph. *Ant*. 966–987; Apolod. I. 9.21). Клеопатра била и една од сопругите на кралот Пердика II (втора половина на V век ст.е.) (Diod. XIV 37.6). J. Борза ја споменува Клеопатра како сопругата на кралот Архелај: *Клеопатра, инаку непозната, но со познато македонско име* (Борза 2004: 199). Всушност, Архелај се оженил со својата помајка, жената на Пердика II[3]. Ова биле најраните појавувања на името во династијата на Аргеадите, а подоцна станало вообичаено и омилено име за македонските девојчиња, како што вели Хамонд (Hammond, 1972: 34–41; 169), и подоцна во хеленистичките кралски семејства.

Меѓу историските носителки на ова име секако се издвојува Клеопатра (приближно 354 – 308 г. ст.е.), ќерката на Филип II и Олимпијада и сестрата на Александар III. Иако хронолошки далечна, нејзината историска појава е замрачена од подоцнежната и најпознатата Клеопатра во античката историја, односно од Клеопатра VII Филопатор, припадничка на династијата на Птолемаидите, последна владетелка на Египетското Кралство (69 – 30 г.ст.е.), ќерка на Птолемај XII Аулет. Таа била позната по своите сојузи со Јулиј Кајсар и Марк Антониј и по нејзината смрт, односно нејзиното самоубиство по поразот во битката кај Актиј (31 г. ст.е.). Клеопатра било името и

[3] Види повеќе за најраната генеалогија на Аргеадите кај Hammond, 1972, 34-41.

на македонската благородничка од IV век ст.е, позната како последната сопруга на Филип II (Athen*., Deipnos*., XIII, 818 b-c), којашто, според потеклото, не припаѓала на династијата на Аргеадите, но била внука на Атал, благородник од „внатрешниот круг“ на Филип II. Името Клеопатра станало особено распространето во хеленистичкиот Египет, каде што во рамките на династијата на Птолемаидите го носеле повеќе кралски жени, симболизирајќи династичка традиција, легитимитет и можеби повикување на македонското потекло[4]

Историски извори за Клеопатра и современите историографски парадигми

Главните антички извори, кои даваат податоци за Клеопатра (Диодор, Плутарх и Јустин), ја претставуваат како „предмет“ во династичките борби по смртта на Александар. Нејзиното убиство, по наредба на Антигон, му послужило на Плутарх за морална осуда на наследниците и за споредба со доблеста на благородниците, кои го обележале времето на Александар.

[4] Други познати историски носителки на името Клеопатра биле: Клеопатра I Сира (починала 176 г. ст.е.) ќерка на Антиох III од Селевкидската Империја, сопруга на Птолемај V Епифан, прва селевкидска принцеза, којашто се омажила за член на династијата на Птолемај. Била регент на својот син Птолемај VI. Потоа Клеопатра II (околу 185 – 116 г.ст.е.), ќерка на Клеопатра I и Птолемај V. Се омажила за својот брат Птолемај VI Филометор, а подоцна и за нејзиниот друг брат, Птолемај VIII Евергет II. Била една од најдолговечните и политички најактивните птолемајски кралици. Клеопатра III (околу 160 – 101 г. ст.е.), била ќерка на Клеопатра II и Птолемај VI, сопруга на Птолемај VIII, кој бил нејзин чичко. Владеела заедно со своите синови; позната по силното политичко влијание и вмешаност во династички интриги. Била убиена од нејзиниот син Птоломеј X. Клеопатра IV (II век ст.е.) ќерка на Клеопатра III и Птолемај VIII. Се омажила за својот брат Птолемај IX, а потоа за Антиох IX Кизикен од Сирија. Била убиена од нејзината сестра Трифена. Клеопатра V Трифена (1 век ст.е.), која веројатно е ќерка или е сестра на Птолемај XII Аулет. Таа била мајка на Клеопатра VII (иако некои извори велат дека Клеопатра VI била нејзина мајка). Нејзиниот живот и идентитетот се непознати. Клеопатра VI Трифена (I век ст.е.). можеби била сестра на Клеопатра VII. Можеби Клеопатра V Трифена и Клеопатра VI Трифена се една иста личност. Нема јасни податоци во изворите.

Јустин ја споменува во врска со нејзиниот брак со Александар I од Епир и ја користи за илустрација на моралниот пад во кралството и минливоста на моќта, но истовремено ја нагласува нејзината улога како носителка на континуитетот на династијата на Аргеадите. Диодор, пак, преку сведоштвата за брачните понуди од страна на дијадосите, заедничките постапки со нејзината мајка Олимпијада и за нејзината преписка со Леонат, војсководец и близок пријател на нејзиниот брат Александар, остава простор за размислување во правец дека таа имала чувство за политичката реалност во која се наоѓала и храброст да преземе конкретни чекори. Тројцата автори ја признаваат нејзината династичка вредност, но нејзиното дејствување го претставуваат како условено, посредувано и ограничено од патријархалните рамки и како резултат на машките амбиции, промовирани најнапред од нејзиниот татко, потоа од нејзиниот брат и конечно од дијадосите, гладниза власт. Од родова перспектива, Клеопатра не е никаков исклучок. Скудните податоци за неа, начинот на кој е претставена, се резултат на нормативните модели и стандарди, својствени за старите општества и за античките автори, кога станува збор за моќ и власт на жените, односно, за границите на прифатливото политичко дејствување на жените во машкиконструираните наративи. Женската моќ е прифатлива само во функција на машкиот легитимитет, а политичкото дејствување на жените се смета за морална опасност, спротивна на нејзината „биолошка нужност“ и „природниот“ поредок (Arist. *Pol; Eth. Nicom.).*

Традиционалната историографија, следејќи ги античките автори без критичка дистанција, најчесто ја репродуцира таквата логика, што јасно се согледува во позитивистичката парадигма на историјата за дијадосите во студиите на Е. Бадијан (E. Badian 1984). Наспроти него, пристапот во студиите на С. Померој (Pomeroy, 1975: XIV-XX) и на Е. Карни, (E. Carney 2000) поставуваат поинаква парадигма, т.е. го воведуваат родот како аналитичка категорија и ја проблематизираат самата дефиниција на „политичко дејствување“ во македонскиот и во хеленистичкиот контекст. Токму оваа методолошка постапка овозможува поинакво читање на истите извори: полот, браковите

и трагичната смрт на Клеопатра не значат отсуство на дејствување, туку ги покажуваат можностите на кои кралските жени можеле да дејствуваат, да влијаат на политичките процеси и да остават трага во историјата (Поповска:, 2024: 22). Користејќи исти податоци, тие имаат различна теоретска рамка, од кои, првата, на Бадијан, ја разбира политиката како поле за дејствување исклучиво за мажите, додека пак Карни разгледува поширока рамка на социополитичките односи во старите општества, во кои, кралските жени, имале своја улога, влијание и реална моќ. Секако треба да се има предвид дека политичките постапки на Клеопатра, Олимпијада и другите кралски жени и воопшто жените во антиката, секогаш биле ограничени од патријархалните стеги: некогаш биле осмислени и планирани долгорочно, а честопати биле само спонтана реакција или прашање на преживување, отколку на вистинска моќ.

Животот на Клеопатра: династички контекст

Сочуваните податоци за Клеопатра се фрагментарни, интерпретирани и филтрирани низ наративите на подоцнежните историчари, кои пишувале во доцнохеленистичкиот и во римскиот период. И покрај скудните податоци, различните методи и цели на авторите, сепак, во приказот на Клеопатра, во трите главни извори (Диодор, Јустин и Плутарх) може да се забележи конзистентност и врз таа основа, колку што е можно, да се реконструира нејзиниот живот и нејзиното значење во периодот на борбите за власт, по смртта на што ја делеле жените од нејзин профил, низ вековите.

Клеопатра е родена во бракот на Филип и епирската принцеза Олимпијада (357 г. ст.е.), а нејзиното раѓање е во 354 г. ст.е., (Carney, 2000: 75). Како и сите претходни, и овој брак на нејзиниот татко бил политички мотивиран и бил влог во обезбедувањето на граничните области, односно на западната граница на кралството, на подолг рок. Со самото раѓање таа стекнала статус на највисокото скалило на кралска елита во Македонија. За нејзиното детство и евентуално образование не знаеме ништо, како што не знаеме ниту за нејзиниот брат сè до времето кога станал ученик на Аристотел (веројатно приближно

14 година). Веројатно таа била воспитувана како и другите кралски деца. Може да се претпостави дека дури и да немала организирано образование, како на пример, нејзиниот брат, присуството на грчки филозофи, уметници, ретори на македонскиот двор сигурно влијаеле на нејзиниот развој, а не ја исклучуваме ниту можноста Олимпијада да се погрижила за тоа, ако ништо друго, била упатена во некои религиски протоколи. Не постојат визуелни претстави на нејзиниот лик, ниту какви било референции во изворите за нејзиниот физички изглед. Отсуството на каква било претстава може да значи дека не се сочувани, но поверојатно е дека портретирањето било резервирано само за владетелите. Подоцна, во хеленистичките монархии, со појавата на династичкиот култ, се менува и кралската визуелна култура, преку која се испраќале политички пораки и затоа ликовите на Клеопатра VII (Ashton, 2008), на Арсиноја II (Carney, 2013: ch.7-9) се познати преку монети и статуи.

Поконкретни податоци за Клеопатра може да се следат почнувајќи од организирањето на нејзиниот брак, којшто, нејзиниот татко Филип II, го договорил со братот на Олимпијада, Александар I од Епир (Muller 2010: 181 Diod. XVI 91.1; Iust. IX.6.1, XII.6.4.) божем како чин на почитување на нејзиното семејство. Овој брак имал јасна политичка цел, а Филип веројатно го сметал за неопходен, заради зајакнување на политичките врски меѓу Македонија и Епир, кои биле ослабени со неговата венчавка со македонската благородничка Клеопатра во 337 г. ст.е. Тој брак предизвикал тензии кај Олимпијада и кај Александар и тие сметале дека ја загрозува неговата династичка позиција. Затоа, со брачниот сојуз на неговата ќерка со братот на Олимпијада, Филип сакал симболично да му даде поддршка на Александар и да ги разјасни дилемите околу наследството на македонскиот двор и веројатно да ја запре семејната расправија, поради која Олимпијада била замината во Епир. Сепак се вратила во Македонија, за да присуствува на свадбата на нејзината ќерка во Ајга (Carney*:* 2000, 203–6*;* Plut*., Mor. 179c*) Филип II ја претворил свадбата на својата ќерка Клеопатра со епирскиот крал Александар во настан со големо политичко значење (Diod.

XVI.91.4–93.2; Iust. IX.6.1–3.7). Имено, во 336 г. ст. е., тој веќе бил признат како хеленски хегемон и веднаш ги испратил своите најспособни генерали Атал и Парменион, како претходница во Мала Азија, заради подготовка на походот против Персија. Пред своето заминување, отишол во светилиштето во Делфи по одговори за својата иднина, а одговорот што го добил таму го толкувал како потврда на претстојната победа. Подоцнежните настани, меѓутоа, покажале дека пророштвото било алузија на неговата смрт за време на свадбените свеченост. Уверен во божјата наклонетост, на раскошните обреди и на јавните прослави во Ајга[5], Филип поканил бројни истакнати претставници од Хелада. Неговата големина била потврдена со доделување на златни круни од страна на претставниците на хеленските полиси, меѓу кои и Атина. За време на вториот ден од прославата, на процесијата, тој се појавил без стража, придружуван од статуи на дванаесетте богови и сопствената статуа поставена меѓу нив, како стремеж да биде почитуван како бог[6]. Во моментот кога влегувал во театарот, бил нападнат и бил ранет смртно од неговиот телохранител Павсанија. Со тоа, во четириесет и седмата година, по дваесет и пет години владеење, се издигнал до најмоќен крал во Европа:

> „Таков беше крајот на Филип, кој се направи себеси најголем од кралевите во Европа во своето време, а поради обемот на неговото кралство застана во придружба на дванаесетте богови“. (Diod. XV 95, 1)

Веднаш по транзицијата на власта, Александар започнал активности за зацврстување на своите позиции во Хелада и подготовки за походите на исток. Улогата на сопругот на

[5] Масовната свадба во Суза, во 324 г. ст.е., била направена според овој пример. Таа претставувала внимателнопоставена сцена на политички театар за да го легитимира заедништвото на македонската и ахеменидската кралска елита. Целта на оваа свадба и на свадбата во Ајга била стабилизација на надворешен и на внатрешен план во Македонското Кралство.

[6] Видете повеќе за тенденциите и за примерите на овој вид почитување во македонската кралска куќа, Popovska 2025: 699.

Клеопатра бил дел од воената стратегија на Александар, при што му била доделена одговорноста за чување на западната граница на кралството. Од тој момент Клеопатра станала дел од јавниот живот на двете кралства (Македонското и Молоското). Тој војувал во јужните италски провинции и таму го загубил животот во 331 година (Iust. 12.2; Str. VI, 1.5).

По смртта на сопругот, Клеопатра била слободна, но како и секоја жена со кралско потекло, била неизбежнопотенцијален инструмент за нови бракови и политички сојузи. Се очекувало бргу да се премажи, но тоа не се случило. Останала во Епир речиси 7 години и се чини дека имала контрола над својот живот, а очигледно и на одредени сегменти во кралството. Во кризните години (330 – 326 г. ст.е.), кога запрело снабдувањето на жито, Клеопатра примила голема количина жито од Кирена, што е посведочено во изворите (Paus. I, 11.3) и на натписот од Кирена, на кој има попис на грчките полиси на кои им е дадено жито (SEG IX 2, Greenwalt 2010: 296). Овие трансакции со житото имале дипломатско и политичко значење, а македонските кралеви допуштале вакви ангажмани на кралските жени, а веројатно биле нужни за да се одржи благосостојбата во кралството.

Според она што може да се прочита во изворите, се чини дека Клеопатра била доста блиска со својот брат. Александар ѝ испраќал подароци од воениот плен што го собирал на исток (Plut. *Alex.*, 25.4). Исто така ѝ доверил посредништво со Дионисиј, тиранинот на Хераклеја (на Црното Море) (Carney 1988: 390), со кој имал одредени несогласувања, со што искажал доверба во неа, а очигледно бил убеден и дека кралските жени можат да бидат вклучени во политичкиот живот на кралството, особено во дипломатски мисии, што подоцна станало вообичаено во хеленистичките кралства. Овие општествени и политички реалности во раниот хеленистички свет се спротивставуваат на Аристотеловата хиерархиска теорија за родот, според која тој, на жените, им припишува помала рационална способност и неспособност за политичко дејствување.

Во прилог на блискоста на Александар и Клеопатра кажува и коментарот на Плутарх, имено дека Александар не постапил добро кога:

> „… слушнал дека неговата сестра имала сексуална врска со згоден млад човек, не се разбеснил, туку само забележал дека треба да ѝ се дозволи да ужива во својата кралска положба.“(Plut. *Mor*., 818 b-c).

Веројатно таа живеела живот со сите привелегии на кралска жена, а очигледно имала и свои желби, интереси и капацитет да се погрижи за нивно остварување. Прашање е дали ова навистина било проблем ако е познато дека сексуалната слобода во паганството не познавала *сексуална вина*, што е измислица на христијанството. Паусанија вели дека таа се погрижила за гробницата на Телефан, свирач на флејта од Самос:

> „На патот од Мегара до Коринт се наоѓаат гробови, а меѓу нив и гробот на Телефан, флејтистот од Самос, за кој се вели дека го направила Клеопатра, ќерка на Филип, син на Аминта.“ (Paus. 1.44.6).

Оваа нејзина постапка зборува дека ѝ било всадено чувството за заштита и почит кон уметниците. За време на походот на Александар на исток, нејзината мајка Олимпијада останала на македонскиот двор во Пела, заедно со Антипатар, кралскиот намесник, одговорен за административна и воена контрола врз Македонија и Хелада. Но, поради несогласувањата со Антипатар, се вратила во Молосија/Епир и таму останала некое време со својата ќерка. (Diod. XVIII 9.4; Paus. 1.11.3). Веројатно начинот на водење на политиката од страна на Антипатар не ѝ се допаѓал на Олимпијада, која била исклучителнозаштитнички настроена кон својот син. Причините и подробностите за овој судир не се пренесени јасно во изворите, но може да се насети дека имало лична нетрпеливост, која произлегувала од нивните суети и наметнување на свои ставови во однос на владеењето. По некое време, веројатно по препорака на мајка си, Клеопатра отишла во Пела, во Македонија, можеби

заради контрола над Антипатар (Diod. VIII.49.4). На таков заклучок упатува тврдењето на Плутарх:

> „Востанијата и обидите за превратсе раширилe насекаде. Олимпија и Клеопатра се свртеле против Антипатар и си ги поделиле неговите задолженија, при што Олимпијада го присвоила Епир, а Клеопатра –Македонија. Велат дека кога Александар разбрал за ова, рекол оти мајка му направила подобар избор зашто Македонците не би можеле да поднесат да владее жена со нив.“ (Plut. *Alex* 68.3.)

Наспроти тоа, Антипатар барал свои поддржувачи меѓу македонските истакнати личности и предложил брачни сојузи со неговите ќерки[7]. Александар застанал во заштита на мајка си и сестра си и резултатот од тоа било отстранување на Антипатар од неговата функција и наредба (од страна на Александар) да оди во Бабилон Тоа се случило во последната година од неговото владеење. Антипатар всушност не ја послушал оваа наредба, односно одолговлекувал (Diod. XVII.118.1; Arr. VII.12.5–7), а во меѓувреме Александар ненадејно умрел во Бабилон (323 г. ст.е.). Несогласувањето на Клеопатра и на нејзината мајка со Антипатар продолжила по неговата смрт, но ја немале неговата заштита. Во претходниот цитат се содржи предвидувањето на она што можела да очекува Клеопатра. Ако дотогаш Клеопатра можела да си го дозволи луксузот да не влегува во брак со никого, во тој момент морала да размислува за својата иднина и безбедност. Диодор вели дека Касандар, Лисимах, Антигон и Птолемај сакале да се оженат со Клеопатра, заради нејзиниот статус на легитимна директна наследничка на Династијата на Аргеадите. Таа имала конкретна политичка тежина и бракот со неа би значел и власт над целото кралство. Династичкиот капитал ѝ овозможил да игра важна улога во војните меѓу дијадосите. Таа покажала

[7] Познато е дека неговата ќерка Никаја била верена за хилијархот Пердика. Двете други негови ќерки биле исто така мажени за македонски благородници: Фила за Кратер и Евридика за Птоломеј, сатрапот на Египет.

способност да иницира политички коалиции, да влијае на одлуките на генералите, па и располагала со свои ресурси. По смртта на Александар, политичката сцена, војската и територииte ја делеле моќните генерали на Александар и веднаш ги покажале своите намери. Клеопатра самата се обидела да се омажи најнапред за Леонат, соматофилакс (телохранител) на Александар, кого го повикала да дојде во Пела, но тој загинал или бил убиен во Тесалија за време на Ламиската војна (Plut.*Eum*.3). Антипатар исто така му ја понудил својата ќерка на Леонат (Diod.XVIII.12.1), каде што можеби овој интервенирал во неговото убиство. Секако, за потенцијалните бракови на својата ќерка, Олимпијада, имала свои идеи и планови. Во потрага по силен сојузник, Олимпијада му ја понудила Клеопатра на Пердика за да ја спречи Никаја, ќерката на Антипатар, да се омажи за него и ја испратила во Сарди, главниот град на Лидија. Но, Пердика одлучил да почека и да види која ќе му се покаже покорисна (Diod.XVIII, 23 1-3).

На некој начин, ова биле „знаци покрај патот“ за претстојните немири во кралството. Можноста да биде регент и кралски тетин на Александар IV, па дури и можеби крал регент, била премногу голема за да ја пропушти амбициозниот Пердика. За да добие на време и за да го отстрани Антипатар како пречка на своите намери, Пердика во тој момент сепак се оженил со неговата ќерка Никаја. Антипатар веројатно почнал да се сомнева во Пердика и се обратил кон други сојузници: Антигон, Птолемај и Лисимах. Постои и претпоставка дека тој сакал да се ожени со Клеопатра, но прерано умрел.

Во текот на зимата 322/321, Антигон го убедил Антипатар дека мора да се преземат акција против безмилосносниот, бескрупулозниот Пердика. Тој, на понижувачки начин, го отфрлил брачниот сојуз со ќерката на Антипатар. Веднаш потоа преку Евмен ѝ испраќал подароци на Клеопатра и ѝ понудил брак, додека таа била во Сарди за да ја добие врховната власт во Македонија. Поради оваа постапка Антипатар и сите други се свртеле против него, стравувајќи од неговиот брак со Клеопатра. Во тие судири и војни за превласт Пердика бил поразен и убиен (321/ 320 г. ст.е.). (Diod. 18.23.1–3, 25.3; Just. 13.6.4–8, Arr. *FGrH*

156, F 9.21). По смртта на Пердика, Клеопатра останала во Сарди, во средиштето на политичките интриги меѓу дијадосите. (Carney, 2010: 414-6; Diod. XVIII.23.3). Евмен, приврзаникот на Пердика, кој веќе бил осуден на смрт, од страна на Македонците, поради предавство, имал намера да се покаже пред Клеопатра и да направи некои воени маневри, но Клеопатра го замолила да замине, за да не го предизвикува гневот кај другите генерали, која особено не сакала Антипатар да ѝ приговори за наклоност кон Евмен (Plut.*Eum*.3). Таа очигледно почнала повеќе да стравува за својот живот. Нејзиниот престој во Сарди го контролирал Антигон, под изговор дека ја чува и заштитува, но наскоро ѝ станало јасно дека живеела во притвор, додека сите други од нејзиното семејство биле убивани. Откако Антипатар, кој веќе бил во поодминати години, умрел, неговиот син Касандар ги убил нејзината мајка Олимпијада, Александар IV и неговата мајка Роксана. Се оженил со нејзината полусестра Тесалоника. Тоа бил моментот на одлука на Клеопатра да се заземе за себе и да побегне од Сарди, па му се обратила на Птолемеј. Кога била откриена нејзината намера, Антигон наредил да ја убијат, во 308 г. ст.е., а за тоа ги обвинил нејзините дворјанки. Диодор известил за нејзиното убиство, кое слободно може да се нарече политички атентат во Сарди, по наредба на Антигон Еднооки от, кој се плашел дека таа би можела да направи одредени сојузи со неговите противници и да ја загрози неговата позиција:

> „5. Управникот на Сарди имал наредба од Антигон да внимава на Клеопатра и да ја спречи да излезе од градот. Подоцна, по наредба на истиот владетел, преку некои жени, го извршил нејзиното убиство. 6. Антигон не сакал убиството да му се припишува нему и затоа некои од тие жени ги обвинил за завера и ги казнил, а се потрудил погребот на Клеопатра да биде кралски. Така, Клеопатра, жената за чија рака се бореле најугледните генерали, го завршила животот, пред да биде договорен брак.“ (Diod. XX.37.5–6).

Убиството на Клеопатра било уште еден настан со кој се потврдила суровата логика на политиката на наследниците.

Клеопатра функционирала како симбол на наследниот суверенитет во политички поредок, кој ја исклучувал жената од непосредно владеење. Нејзиниот пример ја открива структурната противречност на раната хеленистичка монархија: легитимитетот останува поврзан за династичкото потекло, но носителките (кралските жени) на тоа потекло не се субјекти на политичката моќ. Од сите потенцијални брачни сојузи, бракот со Пердика, под услов тој да ги победел сите противници, можеби би било некакво продолжување и возобновување на кралството и на наследството на Аргеадите. Но, тоа било осуетено на самиот почеток на судирите меѓу дијадосите и таа веќе немала шанси.

Заклучок

Преку личноста на Клеопатра, нејзиниот живот и нејзината смрт можно е да се согледаат политичката и родовата перспектива, културните обрасци и политичката практика во конкретниот период и карактерот на династичкиот легитимитет, а секако остануваат отворени можностите за натамошни компаративни студии на другите кралски жени, како што се: Олимпијада, Евридика, Кинана, Арсиноја II, Береника итн., кои оставиле трага во античката историја. Тројцата антички автори ја признаваат нејзината династичка вредност, но нејзиното дејствување го претставуваат како условено, посредувано и ограничено од патријархалните рамки, а нејзината политичка активност е сведена на производ на машките амбиции, во контекст на хеленистичкиот модел на владеење, што во суштина е точно согледување. Од родова перспектива, Клеопатра не е никаков исклучок. Скудните податоци за неа, начинот на кој е претставувана е резултат на нормативните модели и стандарди, својствени за античките автори кога станува збор за моќ и власт на жените, односно, за границите на прифатливото политичко дејствување на жените во машкиконструираните наративи. Женската моќ била посредна и прифатлива само во функција на машкиот легитимитет, но сепак не може да биде занемарена. Своите обиди да излезе од тие рамки, ги платила со својот живот или како што вели записот кој му се припишува на Аријан: „Таа

се бранела поенергично, отколку што можело да се очекува од жена“ (Arr. *Ta meta Alex*.)

Извори

Apollodorus. The Library. (1921). Vol. 1,2 Books 1–3.9. Translated by J. G. Frazer. Loeb Classical Library 121. Cambridge, MA: Harvard University Press. (In Old Greek and English)

Arrian. Anabasis of Alexander. (2015). Vol. 1, 2 Books 1–4. Translated by P. A. Brunt. Loeb Classical Library 236. Cambridge, MA: Harvard University Press. (In Old Greek and English)

Aristotle. Nicomachean Ethics. (1934). Translated by H. Rackham. Loeb Classical Library 73. Cambridge, MA: Harvard University Press. (In Old Greek and English)

Aristotle. Politics. (1932). Translated by H. Rackham. Loeb Classical Library 264. Cambridge, MA: Harvard University Press. (In Old Greek and English)

Diodorus Siculus. Library of History. (1933). Vol. 9,10. Books 18–19.65. Translated by R. M. Geer. Loeb Classical Library 377. Cambridge, MA: Harvard University Press. (In Old Greek and English)

Homer. Iliad. (1924). Vol. 1,2: Translated by A. T. Murray. Loeb Classical Library 170. Cambridge, MA: Harvard University Press. (In Old Greek and English)

Pausanias. Description of Greece. (1926). Vol. 1,2,3: Translated by W. H. S. Jones. Loeb Classical Library 93. Cambridge, MA: Harvard University Press. (In Old Greek and English)

Plutarch. Parallel Lives. (1914). Vol. 7: Demosthenes and Cicero; Alexander and Caesar. Translated by B. Perrin. Loeb Classical Library 99. Cambridge, MA: Harvard University Press. (In Old Greek and English)

Plutarch. Parallel Lives. (1914). Vol. 8: Sertorius and Eumenes; Agesilaus and Pompey. Translated by B. Perrin. Loeb Classical Library 101. Cambridge, MA: Harvard University Press. (In Old Greek and English)

Литература/References:

Adams, Winthrop Lidsey. (2010). Alexander’s Successors to 221 BC. In A Companion to Ancient Macedonia, edited by Joseph Roisman and Ian Worthington, Malden, MA: Blackwell Publishing.208-224 (In English)

Badian, Ernst. (1982). Greeks and Macedonians. In Barr-Sharrar B. & Borza E. N. (eds.), Macedonia and Greece in Late Classical and Early Hellenistic Times. Studies in the History of Art 10. National Gallery of Art, Washington D.C., 33–51. (In English)

Борза, Јуџин. (2004). Во сенката на Олимп: појавата на Македон [In the Shadows of Olympus] Скопје: Патрија. (In Macedonian)
Carney, Elizabeth Donnelly. (2006). Olympias: Mother of Alexander the Great. New York: Routledge. (In English)
Carney, Elizabeth Donnelly. (2000). Women and Monarchy in Macedonia. Norman: University of Oklahoma Press. (In English)
Carney, Elizabeth Donnelly. (1988). The Sisters of Alexander the Great: Royal Relicts. Historia: Zeitschrift für Alte Geschichte 37, no. 4): 385–404. (In English)
Carney, Elizabeth Donnelly. (2010). Macedonian Woman. In A Companion to Ancient Macedonia, edited by Joseph Roisman and Ian Worthington, Malden, MA: Blackwell Publishing. (In English)
Carney, Elizabeth Donnelly. 2013. Arsinoe of Egypt and Macedon: Royal Life. Oxford: Oxford University Press. (In English)
Carney, Elizabeth D., and Daniel Ogden. (2010) eds. Philip II and Alexander the Great: Father and Son, Lives and Afterlives. Oxford: Oxford University Press. (In English)
Erskine, Andrew. (2003). ed. A Companion to the Hellenistic World. Oxford: Blackwell Publishing. (In English)
Greenwalt, William. (2010). Macedonia, Illyria, and Epirus. In A Companion to Ancient Macedonia, edited by Joseph Roisman and Ian Worthington, 279–312. Malden, MA: Blackwell Publishing. (In English)
Hammond, N. G. L. (1979) A History of Macedonia. Vol. 2. Oxford: Clarendon Press. (In English)
Heckel, Waldemar. (1992).The Marshals of Alexander's Empire. London: Routledge. (In English)
Mitchell, Lynette G. (2012). "The Women of Ruling Families in Archaic and Classical Greece." Classical Quarterly 62, no. 1): 1–21. (In English)
Младеновска-Ристовска, Катерина. (2018). Пердика II: Политика на војна и мир [Perdica II: The Politics of War and Peace Скопје: Институт за национална историја.(In Macedonian)
Müller, Sabine. (2009). Politische Strategien hellenistischer Königinnen. Stuttgart: Franz Steiner Verlag. (In English)
Müller, Sabine. (2010). Philip II, In A Companion to Ancient Macedonia, edited by Joseph Roisman and Ian Worthington, Malden, MA: Blackwell Publishing. 279–312. (In English)
Папазоглу, Фанула. (1995). Историја на хеленистичкиот период. [History of the Hellenistic Period] Historia Antiqua Macedonia Скопје: Фонд „Љубен Лапе"- Институт за историја, Филозофски факултет (In Macedonian)

Pauly, August, Georg Wissowa. (1921). eds. Realencyclopädie der classischen Altertumswissenschaft. Vol. XIII, S.v. [Kleopatra]. Stuttgart: J. B. Metzler. (In German)

Pomeroy, Sarah. (1975). Goddesses, Whores, Wives, and Slaves: Women in Classical Antiquity. New York: Schocken Books. (In English)

Поповска, Наталија. (2024). Жените во општата историја на Диодор [Women in Diodorus's Universal History] Гласник, Скопје: Институт за национална историја.(In Macedonian)

Popovska, Natalija (2025). Macedonians, Greeks, and Barbarians in Diodorus's Bibliotheke (Books XVII-XX). Knowledge, Vol. 71.5. Skopje: Institute of Knowledge Management .(In English)

Проева, Наде. (2004). Историјата на Аргеадите. [History of the Argeads] Historia Antiqua Macedonia Скопје: Графотисок. (In Macedonian)

Rhodes, P.J.; Osborne Robin, (2003) ed. Greek Historical Inscriptions, Oxford University Press, Oxford. (In English)

Roisman, Joseph. (2013.) The Shadow of Macedon: Women and Power after Alexander. Cambridge: Cambridge University Press. (In English)

Van Bremen, Riet. (2010.) "Family Structures." In A Companion to Ancient Macedonia, edited by Joseph Roisman and Ian Worthington, 313–330. Malden, MA: Blackwell Publishing. (In English)

Whitehorne, John. (2002.) Cleopatras. London and New York: Routledge. (In English)